РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

Во согласност со член 108, став 4 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009 и 99/2009) и член 225 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со седиште на булевар „Партизански одреди“ број 99, објавува

# К О Н К У Р С

за запишување студенти на втор циклус универзитетски (магистерски) студии
на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје,
во академската 2010/2011 година

***I. Научно подрачје, поле и називи што се стекнуваат***

Магистерските студии од вториот циклус се од научното подрачје 5.00 општествени науки, поле 5.03 Економски науки, 5.04 Кинезиологија, 5.06 Организациони науки и управување (менџмент ), 5.07 Политички науки и 5.14. туризам и угостителство од Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини). Студиите се организираат на **Факултетот за туризам**, **Факултетот за претприемачки бизнис**, **Факултетот за менаџмент на човечки ресурси**, **Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент**, **Факултетот за спортски туризам**, **Факултетот за односи со јавноста** и **Економскиот факултет**.

.

***II. Услови и критериуми за конкурирање и запишување***

II.1. Право на конкурирање за запишување на вториот циклус (магистерски) студии имаат кандидати (државјани на Република Македонија или странски државјани) што ги исполнуваат следните општи услови:

- Да имаат завршено прв циклус универзитетски студии, во траење од четири години на акредитирани универзитети, односно факултети во Република Македонија или во странство и освоени 240 ЕКТС;
- Да имаат завршено прв циклус универзитетски студии, во траење од три години на соодветни или сродни додипломски студии, на акредитирани универзитети, односно факултети во Република Македонија или во странство и освоени 180 ЕКТС .
- Познавање на најмалку еден светски јазик (се докажува со документ од соодветна образовна установа).

II.2. Кандидатите се запишуваат како редовни или како вонреди студенти со самофинансирање на студиите во износ од 1.500 ЕУР за еден семестар (за кандидатите од точка II1, алинеја 1 од овој конкурс), 1.250 ЕУР за еден семестар (за кандидатите од точка II1, алинеја 2 од овој конкурс), по курс на приватните менувачници на денот на уплатата.

***III. Рок за пријавување***

Пријавувањето на кандидатите ќе се врши од објавувањето на овој конкурс до 14. септември 2010 година.

Подетални информации за потребните документи за пријавување и запишување заинтересираните кандидати можат да добијат на **www.utms.edu.mk**, или на тел. **02 30 93 209, 02 30 93 212, 02 30 93 215** и на моб. тел. **076 40 40 64**.

Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје